РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 14.11.2024 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 11 | 4667/1 | | |

**До: Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**За: д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ, Директор**

Врз основа на член 28 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РС Македонија“ бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**

**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

**1. Програмскиот надзор се врши како: redовен**

**2. Субјект на надзорот:** Македонски Телеком Акционерско друштво за електронски комуникации - Скопје.

**3. Датум на извршување на надзорот:** 12.11.2024 година.

**4. Предмет на надзорот:** Редовниот програмски надзор ги опфаќа обврските на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање кои произлегуваат од член 49 и член 50 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

4.1. **член 49 – Обврска за кинематографски дела;**

„Давателите на аудиовизуелни медиумски услуги не смеат да објавуваат односно пренесуваат кинематографски дела надвор од периодот утврден во договорите со имателите на правата“.

4.2. **член 50 – Заштита на малолетни лица;**

став (1) – „ Радиодифузерите не смеат да емитуваат или да пренесуваат програми кои можат сериозно да му наштетат на физичкиот, психичкиот или на моралниот развој на малолетните лица, особено програми кои содржат порнографија или прекумерно насилство. Давателите на услуги, по барање, мора да преземат најстроги технички мерки за да обезбедат дека малолетните лица се заштитени од најштетните содржини како што се прекумерното насилство и порнографијата“.

став (2) „Прекумерно насилство претставува ширење текстуални, вербални и визуелни пораки со кои, во термини од програмата што им се достапни на малолетниците, се глорифицираат физички, вербални или психолошки облици на садизам или слични видови насилство, кое е цел самото за себе, и на ниту еден начин

не може да се оправда ниту преку контекстот на жанрот ниту преку мотивите на драмското дејство на прикажаната програма“.

(став 3) „Освен програмите од ставот (1) на овој член, други програми кои би можеле да му наштетат на физичкиот, психичкиот и на моралниот развој на малолетните лица се обезбедуваат од давателите на аудиовизуелни медиумски услуги така што малолетните лица да не можат на вообичаениот начин да ги видат или да ги слушнат програмите. Кога програмите се емитуваат или репризираат во некодирана форма, давателот на аудиовизуелни медиумски услуги е должен пред нивното емитување да обезбеди претходно акустично предупредување и можност да бидат препознаени со помош на визуелни знаци во целиот тек на емитувањето на програмите“.

**5. Констатации од надзорот:** **<u>При извршениот програмски надзор не се констатирани прекршувања.</u>**

5.1 Со писмен допис (наш бр.11-4470/1 од 30.10.2024 година), Агенцијата побара од Македонски Телеком АД - Скопје во рок од 15 дена од денот на приемот на дописот да достави договори склучени со имателите на права за следниве кинематографски дела:

- Тајниот живот на домашните миленичиња - (анимиран/семејни);
- Зајачка академија – (анимиран/семејни);
- Некрстени денови - (драма);
- Сами си го баравте - (драма);
- Универзитет за ДП – (за возрасни); и
- Назад во школо - (за возрасни).

На ден 12.11.2024 година, Македонски Телеком АД - Скопје до Агенцијата достави документација (наш бр.11-4470/2) од којашто беше констатирано дека правата за овие кинематографски дела се пренесени на давателот на аудиовизуелни медиумски услуги на барање од страна на имателите на права, и дека нивното нудење во услугата видео на барање е согласно членот 49 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

5.2 Програмските содржини на барање што ги обезбедува Македонски Телеком АД - Скопје, а кои може сериозно да му наштетат на физичкиот, психичкиот или моралниот развој на малолетните лица, особено програмите кои содржат порнографија или непотребно насилство се претходно обезбедени со акустично предупредување и можност да бидат препознаени со помош на визуелни знаци во текот на нивното времетраење, со назнака за возраста на лицата што може да ги следат и се во кодирана форма. Дополнително, Македонски Телеком АД – Скопје им овозможува на своите корисници да го ограничат пристапот до одредени програмски содржини на начин што ќе внесат четирицифрен код како услов за пристап до овие содржини.

**Одделение за заштита на авторски права, Сектор за стратешко планирање и авторски права**